**Љупчо С. Ристески (Скопје, Македонија)**

# ДАЛИ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ СТАНУВА "ПЕСЈИ ЈАЗОЛ" - ЛОКАЛЕН ТЕРМИН ЗА ЈАЗОЛ ШТО МНОГУ ТЕШКО СЕ ОДВРЗУВА

"Песји јазол" или "песијазол", според народната терминологија се врзува доколку случајно волницата се заплетка, при што можноста јазолката да се одврзе е многу мала. Се плашам, сé повеќе дека метафоричната употреба на овој термин уште во главниот наслов станува реалност за Република Македонија со оглед на настаните што се случуваат во неа од февруари 2001 година. Сепак, уште веднаш тука треба да се напомене, "македонскиот јазол" не е врзан ниту сега, ниту само еднаш, а "решавањето" на македонското прашање не било вечниот сон само на Македонците, туку уште повеќе на соседите на Македонија и другите политички и воени моќни сили уште од многу поодамна. Така, македонскиот јазол, многупати до сега низ историјата се врзувал, па одврзувал, потоа толку многу се стегнувал што сите мислеле дека нема да се одврзе, но се случувале и такви "чуда" што сепак се одврзувал. Тоа, и денес, ни дава некаква надеж да веруваме во разврската на фамозниот јазол, и сила да седнеме и да напишеме неколку скромни реда, иако постојано сé уште се потресуваме и шокираме од тоа што ја снајде Македонија и сите нас, зашто до нас секојдневно пристигнуваат многу вести за убиени, раселени, прогонети, разурнати свети објекти, запалени села, како и уште многу други ладни, лицемерни, потсмешливи совети, застрашувања, предлози, "олеснувања и олеснувачи", добронамерни инструкции од "светските чувари" што нé прават уште поисплашени и поконфузни во нашето размислување и дејствување.

Сепак за да се разбере донекаде проблемот на македонското прашање препорачливо е да се направи еден кус историски преглед на најзначајните општествено-политички и економски диспозиции во создавањето и развитокот на македонската национална свест и македонската нација.

## Зошто Македоцните последни на Балканот дојдоа до полната национална афирмација?

Создавањето на македонската национална мисла и свест за посебност, општо земено, може да се следат паралелно или веднаш по создавањето на слични национални движења на Балканот и пошироко во југоисточна Европа.[1] Кон половината на XIX век, но поафирмативно од 70-те години се појавуваат првите дејци коишто ја протежираат идејата за национална посебност на Македонците и коцепцијата за сопствена национална држава. Првата јавна промоција на македонската национална програма била изнесена од страна на Македонскиот клуб во Белград (в. "Балкански гласник", 1903). Раководителите на Клубот (Стефан Јакимов Дедов, Мишајков Дијамандија Трпков) во октомври 1902 година во Санкт-Петербург, заедно со Крсте Петков Мисирков и Димитрија, формираат *македонска колонија* и Македонско научно-литературно другарство. Оваа организација, од 1902 до 1917 година станало главен носител на македонската национална идеологија но, главно, надвор од границите на Македонија. Тие во својот неделен весник, Балкански гласник - Revue balkanique -

---

[1] Rossos Andrew, *The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941,* **Slavic Review, Vol. 53, No. 2, Summer 1994,** 1-24.
**http://www. gate.net/~mango/Rossos_BritishFO.htm**

објавен на 1 јули 1902 год. меѓудругото, за иднината на македонија и Балканот, пишуваат: "...Ако така се реши македонското прашање и ако не остави траги од националните претензии во православниот Исток и словенскиот Балкан, ќе послужи да го обедини во една политичка, а можеби и верска алинација, напротив, ако остави траги, наполно ќе го разедини. Со еден збор, Македонија е федерот што го турка православниот Исток и словенскиот Балкан кон пријателство и кон непријателство..."[2] Следствено на таквата активност на Макеоднскиот клуб во Белград, наскоро тој ќе биде забранет, а кон крајот на 1902 година главните организцатори Стефан Ј. Дедов и Дијамандија Т. Мишајков заминуваат за Санкт-Петербург.

Во Санкт-Петербург се придружуваат на работата на Македонското научно-литературно другарство, каде што на 12 ноември 1902 година го објавуваат Меморандумот, кој меѓу другото бил доставен и до Руската влада и Советот на С.-Петербуршкото словенско благотворно друштво. Во него тие истакнуваат: "...На прв поглед нашата мисла за слободна Македонија во национален, политички и црковен поглед може да изгледа како утопија, може да изгледа дека ние се трудиме вештачки да создадеме нешто што не постои, дека од географскиот поим Македонија сакаме да создадеме етнички поим или, со други зборови, дека се трудиме вештачки да сиздадеме македонска народност. Македонија во границите определени на Цариградската конференција има околу 2.500.000. жители, од словенското население изнесува од 1.200.000 до 1.500.000 жители, по коешто доаѓа турското со импозантната бројност од 600.000 до 800.000, а другото го составуваат Грците, Власите, Евреите и други, така што во идната Македонија, слободна во *политички, национален и духовен однос,* најважната улога во социјално-политичкиот живот на земјата ќе му припадне на словенскиот елемент, кој сега, за голема жал, е разделен од една страна на три национални групи, од друга страна пак, во религиозен поглед, на следниве групи: патријаршисти, егзархисти, католици, протестанти и мухамеданци, и ако во иднина ова словенско население не успее да се обедини во една компактна маса за да има преовладувачко значење сред другите народности, тогаш може да се очекува оти судбината на Македонија ќе биде предадена во рацете на неговите непријатели.

Разните национални и религиозни пропаганди прекрасно го разбраа значењето на словенското население за судбината на Македонија и му ги посветија сите свои сили за да си ги обезбедат своите симпатии..."[3]

Што се однесува пак до сфаќањето на националната слобода, тие во Мемурандумот пишуваат: "... Под *национална слобода* ние го подразбираме *отстранувањето на националните пропаганди од Македонија* и наместо тоа *воведување на едно од македонските наречја на степен на опште македонски литературен јазик...*"[4] Изнесените податоци кристално јасно покажуваат дека кај македонските интелектуални слоеви е создадена и недвосмислено прецизно изразена идејата за национална самосвојност и воведување на едно од македонските наречја за литературен македонски јазик, но најверојатно, проблемот за негова реална имплементација во Македонија од повеќе општествено-политички состојби не бил во состојба подолг временски период да добие конечна верификација. Во таа смисла, за причините за одложувањето на реалното оживување на македонската национална држава би можело да се издвојат неколку позначајни општествено-политички контексти кои го

[2] Ристовски Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје 1999, 260-261.

[3] Ристовски Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје 1999, 270-271.

[4] Ристовски Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје 1999, 270-273.

попречувале тоа во периодот кога на Балканот веќе се создавале другите национални држави.

Прво, Македонија сé до конечното паѓање на Турската Империја се наоѓала во нејзиниот централен дел на Балканот, со што сите геопилитички и други општествени и културни предуслови биле минимизирани македонското население да може јавно да ги искаже и реализира своите национални потреби за кои веќе толку многу се пишувало и зборувало од интелектуалците-Македонци во Белград, Софија и Санкт-Петербург. Македонија не само што била една од централните провинции на Турција на Балканот, туку никогаш и не била во ситуација на гранична зона меѓу Имеријата и другите држави за да имало поефективен проток на новите идеи помеѓу населението.

Од друга страна, пак, во Турција, според правилата на Шеријатското право, наместо нации се признавале само вери, така што за Македонците, по основањето на Бугарската Егзархија во 1870 година, било затворено прашањето за обновувањето на Охридската архиепископија. Така, за нив, по однос на националното/верскот определување останала можноста да се определуваат за Грчката патријаршија или за Бугарската Егзархија. Со оглед на словенскиот карактер и јазичната блискост, Македонците разбирливо сé повеќе се определувале за Егзархијата отколку за Патријаршијата која својата верска поука ја протежирала на грчки, потполно неразбирлив јазик. Така за турската официјална администрација, македонското население станува "bulgar-millet", а како Бугари се претставувани не само во сите пописни дефтери на Имепријата туку и пред надворешниот свет.[5]

На тој начин, започнува исклучителен процес на силна пропаганда за привлекување на населението кон едната или другата страна.

Во почетокот на XX век, дел од бугарската интелегенција била свесна за процесите на националното освестување на Македонците во Македонија, при што особено ги тангирала Пиринска Македонија. Поради тоа, Е. Спространов во ноември 1903 година испраќа писмо до бугарскиот премиер Петров во врска со зачестените манифестациина македонското национално самосознание, велејќи: "Како што гледате господине Министер-претседателе, ваквите идеи што веќе нашироко се прифаќаат од македонското население, не се ни малку за потценување за да не им се посвети поголемо внимание. Ако притоа додадам дека пропагаторите на македонскиот сепаратизам се зафатиле мошне студиозно и со ентузијазам да печатат книги, речници, читанки, историски учебници и граматика на македонски јазик, тогаш можете да ја сфатите пореално опасноста за бугарштината во Македонија. Убеден сум дека за мошне кратко време, освен тенкиот слој на македонската интелегенција школувана во бугарските училишта, народот ќе го отфрли бугарскиот јазик и ќе го прифати македонскиот, односно мајчиниот, бидејќи ќе нема потреба да го учи, како што со мака го рпави тоа со бугарскиот јазик..."[6]

Во 1912 година балканските држави - Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора стапуваат во воен сојуз за отстранување на турската власт од Балканот. Повеќемина од македонските национални дејци коишто дотогаш дејствувале надвор од Македонија, решиле да дојдат во Македонија и да се обидат директно да влијаат во текот на решавањето на судбината на Македонија. Така Крсте Мисирков се упатил во Јужна Македонија, Димитрија Чуповски во Софија и Велес, а д-р Гаврил Константинович на Цетиње. Д. Чуповски, откако стапил во контакти со македонската емиграција во Софија, доаѓа во Велес, каде вечерта на празникот Свети Архангел Михаил, во семејството на Анѓел Коробар се одржува

---

[5] Ристовски Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје 1999, 270-677-678.

[6] Донски Александар, *Илинденците со мака го учеле бугарскиот јазик,* **http://www.gate.net./˜mango/Narodna_Volja.html**

*Општомакедонска конференција,* на која се одлучува Д. Чуповски и П. Попарсов да бидат испратени во Париз и на Амбасадорската мировна конференција во Лондон за да дејствуваат од името на Македонците за зачувување на целоста на веќе разграбената Македонија.[7] По завршувањето на Првата балканска војна (1912/13), апетитите за заземање на "ослободените"делови, главно територијата на Македонија, доведува до војна помеѓу нив - Втората балканска војна (1913 година). Со Букурешкиот мировен договор од август 1913 година, била извршена поделба на Македонија. Согласно на Договорот, на Грција ѝ припаднал делот Јужна Македонија со приморјето (Егејска Македонија), на Србија - Северна и Средна Македонија (Вардарска), а на Бугарија - источна Македонија (Пиринска Македонија).

Вардарскиот дел на Македонија влегува во состав на Кралството на СХС како Вардарска Бановина, Јужна Србија, а Македонците биле нарекувани "Јужносрбијанци". Од денешна истражувачка перспектива, може да се заклучи дака постојат сосема доволно документи според кои може да се согледа дека внатрешната политика на Кралството на СХС, подоцна Кралството Југославија, имала исклучителна цел , потполно да се уништат сите знаци на Македонизмот, и тоа низ повеќе осмислени акции и дејствувања на државните органи, низ различни програми за денационализација на населението, колонизации, социјална и економска дискриминација и асимилација базирана врз тотална контрола на едукативните системи и на културниот и интелектуралниот живот. Еве како Британскиот вице-конзул C.L. Blakeney во 1930 год. од Белград ја опишува ситуацијата во Вардарска Македонијаво својот извештај до Британското Министерство за надворешни работи (British Foreign Office).

"It is very well for the outsider to say that the only way the Serb could achieve this [control of Vardar Macedonia] was by terrorism and the free and general use of the big stick. This may be tru, as a matter of fact one could say that it is true... On the other hand, however, it must be admitted that the Serb had no other choice... He had not only to deal with the brigands but olso with a population who regarded him as an invader and unwelcome foreigner and from whom he had and could expect no assistance."[8]

Во тој период во Вардарскиот дел од Македонија, посебно значајни се промените што се вршат со колонизирање на, главно, српско етничко население во повеќе села, со цел да се разбие етничкото ткиво на Македонците. Во Кралството Југославија, формиран е посебен државен оддел за колоницазија во Министерството за аграни реформи и земјоделие, со кој раководеле добро упатени луѓе во сферата на етничките процеси. Така едно време раководел истакнатиот српски етнолог Сретен Вукосављевиќ. Колонизираните села во Македонија биле преименувани, и наместо дотогашните македонски или турски имиња, дибивале српски или имиња на некој од истакнатите српски дејци (Сретеново - според Сретен Вукосавњевиќ, Александрово - според кралот Александар, Караѓорѓево - според името или презимето - Караѓорѓевиќ, и уште многу други);

Еве што пишува британскиот министер во Белград, R.I. Campbell, за политиката на колонизација во Кралството Југославија, во писмото испратено до секретарот на Foreigh Office-от, во 1940 година.

"Since the occupation by Serbia in 1913 of the Macedonian districts, the Government has carried out in this area, with greather or lesser severity, a policy of suppression and

---

[7] Ристовски Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје 1999, 270-382-383.

[8] FO371/14316, A. Henderson (Belgrade) to N. Henderson, 9 May 1930, Enclosure 2, "Memorandum by Vice-Consul Blakeney". Цитирано според Rossos Andrew, *The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941,* **Slavic Review, Vol. 53, No. 2, Summer 1994,** 1-24.

**http://www. gate.net/~mango/Rossos_BritishFO.htm**

assimilation. In the years following the Gread War land was taken away from the inhabitants and given to Serbian colonists. Macedonians were compelled to change their names and the Government did litle or nothing to assist the economic development of the country..."[9]

За среќа на повеќе околности во Вардарската Бановина, како лошата природна адаптибилност на населението, политичко-економските услови што следат потоа, посебно односот на бугарските власти по влегувањето во Македонија, и најповеќе поради одбивноста на Македонците кон туѓинците, денес, скоро и да не може да се забележат некакви особени знаци како резултат на оваа колонизаторска политика во овој дел од Македонија. Најголемиот дел од колонизираното население, уште првите години по доселувањето, поради исклучително различните природно-географски и културни услови, не можело да се адаптира, и започнало да се враќа на своите стари огништа. Друг голем дел од колонизираните Срби, биле протерани по влегувањето на бугарските војски во текот на Втората светска војна, при што, српските имиња на селата ги замениле со бугарски , а оние неколку села што останале во Македонија, според нашите лични теренски истражувања, веќе се во процес на поодмината асимилација во македонското етничко окружување, иако сé уште се забележителни некои елементи од нивните етнички карактеристики.[10]

Пиринскиот дел од Македонија од 1913 година останал во рамките на Бугарија. За состојбите во однос на националното сознание на населението во Пиринска Македонија, како и за реалните активности во овој дел, посебно илустративни се извештаите што се објавени во годишниот извештај од 1922 година на British Legation што се однесува за Бугарија. Во извештајот, за Пиринска Македонија стои дека тоа е "the autonomous kingdom of Macedonia", a "Bulgarian sovereignty over district --- is purely nominal, and, such as it is, is resented by irredentist Macedonian element no less strongly than is that of the Serb-Croat-Slovene Government over the adjacent area within their frontiers".[11]

Јавното негодување кон бугарската држава и барањата за обединување и независност на Македонија се огледаат и низ едно писмо што во 1922 година, бугарскиот министер W.A.F. Erskine, му обрнува внимание на Lord Curzon на еден текст објавен во списанието Македонија, во кое се вели:

"the Macedonians to follow the example of the Irish, who after a bitter struggle lasting through centuries, have succeeded in gaining their autonomy. 'Their country is today free. Ours, too, will be free if we remain faithful to our own traditions of struggle and if we take us as our example the lives of people, who, like the Irish, have 'never despaired of the force of right'".[12]

Грчката влада, слично на другите соседни земји, презема релативно слични активности во градењето на "националната политика" во Егејска Македонија, што некои автори, ја оценуваат дури и за неколку пати поинтензивна и понасилна отколку во Бугарија и Југославија. Најголеми промени во етничката карта на Егејска Македонија се случува во текот на 1919 година кога Грција и Бугарија потпишуваат договор за "размена на населението". Како резултат на

---

[9] FO371/29785, Campbell (Belgrade) to Halifax, 6 january 1941. Цитирано според Rossos Andrew, *The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941,* **Slavic Review, Vol. 53, No. 2, Summer 1994,** 1-24.

**http://www. gate.net/~mango/Rossos_BritishFO.htm**

[10] Ристески Љупчо С. *Процесите на интеракција и акултурација кај колонизираното српско население во Македонија во периодот помеѓу двете светски војни,* **Развиток,** 1, Битола 1997, 1-25.

[11] FO371/8568,22. **http://www. gate.net/~mango/Rossos_BritishFO.htm**

[12] FO371/7375, Erskine (Sofia) to Curzon, 25 january 1922. Harold Nicolson commented: "There is less disparity between the Irish and Macedonian temperament than might be supposed". (Minute, 1 February 1922). Цитирано според Rossos Andrew, *The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941,* **Slavic Review, Vol. 53, No. 2, Summer 1994,** 1-24.

**http://www. gate.net/~mango/Rossos_BritishFO.htm**

овој договор околу 60.000 Македоници "доброволно" ги напуштаат своите родни огништа и се преселуваат во Бугарија. Наскоро, таков договор потпишуваат и Грција и Турција. Околу 40.000 Македонци, некои од нив со исламска вероисповест, околу 300.000 Турци, ја напуштаат Грција, а околу 700.000 Грци од Турција, малоазискиот дел на грција и островите се населуваат во Егејска Македонија.[13] Така во периодот од 1912 до 1928 година во Егејска Македонија, според истражувањата на Стојан Киселиновски, иселени се околу 80.000 Македонци, а колонизирани се околу 620. 000 Грци.[14] Во текот на дваесеттите години, во Егејска Македонија, грчката држава ги променила сите имиња на градовите, селата, топонимите од македонски на грчки (1926), а сите старословенски натписи во црквите и фреските биле избришани (1927), а македонскиот јазик бил забранет да се употребува дури и во личните разговори на Македонците во своите места.[15] Како поткрепа на погоре напишаното, ќе наведеме само некои од променетите имиња на топонимите во Егејска Македонија. Градовите: Воден - Edessa, Рупишта - Argos Orestikon; С'ботска - Aridea; Постло - Pella; Либаново - Eginon; Ларигово - Arnea; Острово - Arnisa; Вртикоп - Skidra; Воловишта - Sidirokastron; Реките: Вардар - Axios; Бистрица - Alliakmon; Галик - Еригон; Езерото Острово - Limni Arnisis; Езерото Горчливо - Pikrolimi. Регионите на Воден - Nomos Pelis; Гуменџе - Eparhia Paeonis; Валовишки регион - Eparhia Sindikis; Зихненско - Eparhia Philidos, и др.

Пишувајќи во својата статија за активностите на Британскиот Foreign Office по однос на националните прашања на Балканот, Andrew Rossos, вели "But while the Foreign Office endeavored to avoid dealing with the national dimension and implications of the problem until as late as 1930, by the mid-1920s its position was already being questioned and challenged by Foreign Office officials in the Balkans, and was becoming untenable. Односот, пак, на балканските држави кон Македонците до почетокот на Втората светска војна, мошне сликовито може да се согледа од содржината на едно писмо писмото на Кенард, што во 1926 година од Белград го испраќа од Х. Смит. Во него тој вели: "It was difficult to reconsile the use of three different terms - Slavophone Greeks, Old Serbians and Bulgarians - when reffering to a people who called themselves *Makedonci* and spoke *macedonian* or dialects of it."[16]

По завршувањето на Втората светска војна, Вардарска Македонија, со донесувањето на првиот устав во 1946 година се конституира како народна република, со сопствен суверенитет, но во составот на југословенската федерација. Определени општествено-политички промени се случуваат и во другите делови од Македонија, но се разбира тие остануваат нереализирана желба да станат составен дел на една држава. Во Пиринска Македонија, по капитулацијата на Бугарија и превратот од 9 септември 1944 година се создала релативно релаксирана општествено-политичка клима, при што Комунистичката партија на Бугарија на чело со Георги Димитров, на X Пленум на ЦК (9 август 1946 година), официјално ја признала македонската нација и правото на обединување на Пиринска Македонија со НР македонија. Демографските податоци и официјалните пописи од тој период покажуваат дека множинството од населението во Пиринска Македонија се изјаснувало како македонско. Тоа се потврдило и во пописот од 1956 година, кога 63,7 % од жителите се декларирале

---

[13] Daskalovski Zhidas, *Minority Rights Case Study : Macedonians in Greece* **http://www.gate.net/`mango/Kimlika.html**

[14] Киселиновски Стојан, *Етничките промени во егејскиот дел на Македонија (1913-1940),* ИНИ, Скопје 1981.

[15] Daskalovski Zhidas, *Minority Rights Case Study : Macedonians in Greece* **http://www.gate.net/`mango/Kimlika.html**

[16] FO371/11337, Kennard (Belgrade) to H. Smith, Enclosure , R.A. Gallop "Notes", 23 April 1926. Цитирано според Rossos Andrew, *The British Foreign Office and Macedonian National Identity, 1918-1941,* **Slavic Review, Vol. 53, No. 2, Summer 1994,** 1-24.

како Македонци. Со признавањето на македонската нација и јазик, во Пиринска Македонија започнува период на културна автонбомија и афирмирање на македонските национални и културно-јазични вредности. Околу 32.000 ученици во тој период учеле во Пиринска Македонија на македонски јазик, а во 1947 година во Горна Џумаја (денешен Благоевград) се отворени првата македонска книжарница и читална, како и регионалниот Македонски народен театар. Меѓутоа, овој благопријатен период за развивање на македонската национална идеја во Пиринска Македонија, несреќно завршува многу брзо, со донесувањето на Резулуцијата од страна на Информбирото, во 1948 година, а посебно по 1956 година, бугарската официјална државна политика драстично го променува својот однос, негирајќи го постоењето на македонцката нација и јазик, што, со помали или поголеми варијации како официјален став на Р. Бугарија кон Р. Македонија сé уште е актуелен.

Во Егејска Македонија, во текот на Втората светска војна се формирани повеќе воено-политички организации, со јасни национални карактеристики на тамошните Македоннци. Во 1942 година во Воденско била формирана Македонска антифашистичка организација, а во 1943 година во Костурско и Леринско е формиран Словенкски национално-ослободителен Фронт. Со цел да ги поттикнат Македонците да се борат на нивната страна, комунистите во Грција им ветувале дека ќе им ги гарантираат правата на етничките Македонци како малцинство, а за Егејска Македонија ветувале широка автономија. Спротивно на тоа, во 1949 година Демократската Армија на Грција (ДАГ) го предизвикува новиот егзодус на Македонците. Бројот на бегалците од Егејскиот дел би можело да се определи околу 100.000 луѓе, од кои 28.000 биле деца, кои биле протерани од земјата.

Веднаш по завршувањето на граѓанската војна во Грција, за Македонците што останале во Егејска Макеодонија, државните власти започнале да спроведуваат повеќекратни и повеќеваријантни методи за нивна потполна асимилација. Од 1950 година во Леринско биле отворени повеќе градинки каде децата биле воспитувани исклучиво на грчки јазик. Многу од дечињата да го продолжат своето образование биле испраќани што подалеку од своите родни краишта. Во текот на воениот диктаторкиот режим во Грција (1967-1974), голем број македонски села во близина на границата биле ставени под посебен државен и граничен режим, така што движењето на населението, како и на странците во него биле под постојано набљудување на властите.[17]

**Независноста на Република Македонија**

Кон крајот на 80-те години на XX век, во повеќе земји на Југоисточна Европа кулминираа етничките и националните движења, при што некои од нив се распаднаа, за да се создадат повеќе помали и етнички и национално поиздиференцирани држави. Иако проблемот е многу по зложен, отколку што навидум изгледа, сепак во оваа прилика само ќе се присетиме на некои од позначајните процеси што доведоа до новата состојба. Во повеќе бивши социјалистички/комунистички држави, меѓу кои беше и бившата СФРЈ веќе подолг временски период се реализираше програма за "национална и културна унификација" на различните етнички и конфесионални заедници што беа во составот на државите. Наспроти процесите на оваа "привидна унификација" и создавање на единствената југословенска нација, исто толку долго и паралелно функционираа етничките идентитети на заедниците во државата, кои многу често беа надополнувани со елементи на религиско чувство. Така, наместо

[17] Daskalovski Zhidas, *Minority Rights Case Study : Macedonians in Greece,* **http://www.gate.net/~mango/Kimlika.html**

прокламираната национално унифицирана и единствена Југославија, кон крајот на 80 години сé повеќе се чувствуваа етничките и националистичките пориви на заедниците, ривалствата помеѓу едните и другите. Медиумите, особено републичките, понесени од идеите за национално освестување, секојдневно бомбардираа за "вредностите на својот народ, својата религија", ги истакнуваа историјата, минатото и традицијата како единствени вредности, така што во таква констелација сé повеќе се наметнуваа идеите за растурање на Југославија и создавање на независни Републики. Се разбира, проблемите настапија веднаш потоа, со оглед на фактот што поголемиот дел од тогашните федеративни единици беа само административно поделени, а во нив етничките заедници во голема мерка измешани помеѓу себе. Хетерогеноста беше дотолку поголема, што во некои Републики постоеја градови во кои живееја повеќе етнички заедници, села со две, три или повеќе различни етнички заедници. Тргнувајќи секој од позициите на своите националистички идеи, "секој народ во своја држава", произлезе главниот проблем што доведе до крвав расплет на распаѓањето на Југославија.

Процесите за коишто погоре зборувавме не ја одминаа ниту Македонија. Иако се чини дека Македонија само ги следеше овие процеси, само со неколку чекори поназад, сепак Таа помина и, најверојатно, поминува буквално низ сите фази низ коишто поминаа другите републики на бивша СФРЈ, но и на други југоисточни земји. Во Македонија како да доцнеше појавата на исклучителниот национализам и верска нетрпеливост што, не само што се појави, туку јавно се прокламираше во другите југословенски републики кон крајот на 80-те години. Но, не ја одминаа тие процеси. На жалост, општествено-политичкиото окружување на Македонија беше такво, што неопходно придонесе и тука да започнат процеси на сé позасилено истакнување на етничките и верските вредности. Разбирливо е да се очекува, во контекст распаѓање на држави, и создавање нови да се отворат низа прашања и проблеми со дефинирање или редефинирање на статусите и идентитетите. Сепак, интересно е што секоја од новите држави, во процесите на редефинирање на националните, државните, политичките и др. идентуитети се потпреа врз своето минато, кое по повеќе годишните искривувања и митологизирања, беше во потполност прилагодено на "потребите на новите држави". Концептот, како што веќе сите знаеме, беше еден и еднинствен: "Еден народ (не нација) - една држава; Една држава - една народ; Еден народ - една религиска заедница; Еден народ - еден јазик;" Во новосоздадените држави не се најде доволно простор за граѓанскиот концепт;

Во таа смисла, и Македонија во периодот ги следеше истите процеси. Така, создавањето на Република Македонија, следствено на веќе започнатите процеси на редефинирање на етничките идентитети, отвори или барем изнесе на виделина повеќе проблеми што дотогаш некако се затскриваа. Независноста на Македонија ги отвори сите и дотогаш спорни прашања со неа. Проблемот со недефинираната граница на север со Југославија, кој како отворен проблем се држеше сé до неодамна. "Затворањето", пак, на проблемот со границата со Југославија, во голема мерка го иницира проблемот со војната во Македонија што започна во февруари 2001, или барем албанска националистичка опзија чкеаше погоден момент да го започне остварувањето на нејзините етнички аспирации. Бугарија го актуелизира проблемот со признавањето на националниот идентиет и јазик на Македониците, проблем што всушнсот континуирано бил актиелен во односите помеѓу Бугарија и Македонија. Грција, најверојатно, поттикната од стравот дека повторно може да се актуелизира проблемот со Македонците во Егејска Македонија, како и оние што денес живеат во Р. Македонија или други земји, го отвори прашањето за нелегитимноста на името на државата и народот - Македонија и Македонци. Поради тоа, направи долготрајно ембарго на јужната граница на Р. Македонија

со што државата ја стави во крајно лоша економска ситуација, но особено лошо се реперкуира нејзиниот официјален негаторки став спрема Македонија пред меѓународната европска и светска заедница на државите. Албанија, пак, континуирано, а според повеќе актуелни истражувања на западни аналитичари сé до денес, го поддржува и помага националистичкото однесување на Албанците во регионот, за задоволување на нивните етнички и религиски желби.

Така, проблемите со отворените прашања по однос на дефинирањето на етничките/државните/националните идентитети Македонија ја ставија под страшен надворешен притисок од сите страни. Притисокот, од самото нејзино осамостојување не е само однадвор. Тој истовремено беше инициран и од внатре. Како што е познато, албанските партии не се приклучија кон заедничкиот проглас за учество на народот во изјаснувањето за независност на Македонија, го бојкотираа Референдумот и не гласаа при донесувањето на Уставот на Р. Македонија.[18]

Од друга страна, пак, и во Македонија, како и во другите нови независни држави, етничкиот концепт освен во државна смисла, се преслика дури и во политичката конципираност на државите, поради тоа што најголемиот број партии се формираа според етничка и религиска диференцијација. Така, во Македонија, во етничка смисла, се формираа два значајни, големи блока партии - македонски блок и албански блок, кои секогаш се спротивставени еден на друг. Освен според националните обележја, партиските блокови се поделени и според верската припадност на населението. Така, најголемиот број од македонските партии се христијански, а некои од нив и во прерогативите на партиите го носат терминот *христијански,* а наспроти нив, еден значаен дел од партиите е јконципиран според исламската вероисповест. Внатре во секој од овие два блока, една голема партија стои на левата, а друга на десната страна. Партијата ВМРО-ДПМНЕ, додека беше во опозиција, како исклучиво етничка, национална партија од почетокот прокламираше крајно десна политичка опција, со прилично радикално гледање за етничката или националната иднина за Македонија. Откако, ја презеде власта во Македонија во 1999 година, таа улога ја презеде опозиционата СДСМ, но во многу поблаго изразена форма. Употребата на исклучително многу фолклорни елементи, мотиви од традицијата, етничките карактеристики СДСМ имаше во својата предизборна кампања на последните парламентарни избори. Во албанскиот блок, улогите исто така се поделени. По појавата на ДПА, таа го доби признакот на порадикална партија, додека, пак НДП, во последните случувања од започнувањето на војната во Македонија се чини дека на моменти беше порадикална дури и од ДПА. Така, во текот на своето десетгодишно опстојување на Република Македонија како независна држава постојано е под силен надворешен и внатрешен притисок, силно поттикнат од етничките и националистичките страсти кои се единствениот израз на сите заедници што живеат во неа и во нејзиното соседство. Некои повеќе, некои помалку но, навистина сите етнички заедници поминуваат низ силни процеси на истакнување на етничките карактеристики , при што, секогаш аспирациите на едните одат на штета на другите или третите, а се разбира, најголема штета имаат граѓаните и државите кои континуирано се во економска и политичка криза. Иако, десет години во Македонија се зборува за мултиетничка и мултикултурна држава во која сите етнички заедници го градат или ќе го градат своето заедничко живеење, постојано се укажуваше на фактите дека процесите што се случуваат на овие простори, како и концептите што се протежираа во Македонија за заедничко почитување и соживот, не само што не функционираа, туку според сé, беа поставени врз тотално погрешни основи, кои наместо да придонесат за интегрирање на културите и општеството, започна војна. Се

---

[18] Глигоров Киро, *Македонија е сé што имаме,* ТРИ, Скопје 2000, 195.

покажа дека наместо интегрирано мултикултурно и повеќенационално општество, во Македонија, живеат култури кои се разминуваат, иако се допираат едни со други, многу малку разменуваат меѓусебно од вредностите што ги поседуваат, а наместо кон взаемно поврзување тие сé повеќе се затвораат сами во себе, одбивајќи сé што доаѓа од блиската околина.